Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука

Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Климент Охридски" Битола
Факултет за туризам и угостителство-Охрид

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Arsimit dhe Shkencës

Примено	02 - 09 - 2019		
Орг. единица	Број	Прилог	Вредност
01	1731/2		

30.08.2019
08 - 1078/5

УП1 бр. 14-1310
_____ година

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), врз основа на член 211 став 1 и 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 , 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Министерот за образование и наука донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за почеток со работа на студиската програма од трет циклус тригодишни студии по Туризам на Факултетот за туризам и угостителство Охрид при Универзитетот „Св. Климент Охридски" Битола

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус тригодишни студии по Туризам на Факултетот за туризам и угостителство Охрид при Универзитетот „Св. Климент Охридски" Битола.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

О б р а з л о ж е н и е

Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола, се обрати со барање бр. 08-806/2 од 06.06.2019 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП 1 бр. 14-1310 од 11.06.2019 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус тригодишни студии по Туризам на Факултетот за туризам и угостителство Охрид при Универзитетот „Св. Климент Охридски" Битола, акредитирана со Решение за акредитација бр. 1409-58/4 од 03.06.2019 година, издадено од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-1310 од 02.07.2019 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 04.07.2019 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-1310 од 05.07.2019 година, каде е наведено дека студиската програма од трет циклус тригодишни студии по Туризам на Факултетот за туризам и угостителство Охрид при Универзитетот „Св. Климент Охридски" Битола, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

0101
ТРИШТО

МИНИСТЕР / MINISTËR
Dr. Arbër Ademi

Доставено и до
- Архива

Подготвил: Биљана Зафировска
Контролирал:Снежана Лузевска
Согласен:Борчо Алексов
Одобрил:d-r Agim Rushiti